Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 14-818/6
07.12.2017 год
Новаци

Врз основа на член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 07.12.2017 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
За одобрување Буџетски Календар за 2018 година

Член 1

**СЕ ОДОБРУВА** Буџетски Календар за 2018 година:

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ-ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| Декември/февруари-март | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар |
| Април | Министерот за финансии доставува до Владата на Република Македонија Фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| Април | Советот на Општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија |
| Септември | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| Октомври | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позици |
| Октомври | Оделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет |
| Октомври | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот |
| 15 октомври | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година |
| Ноември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџет подготвен од страна на финансискиот одел на општината |
| Ноември | а.Предлог-буџетот се доставува до Советот на Општината<br>б.Се објавува содржината на Предлог буџетот и се дава достапност на јавноста |
| Декември | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на |

| | |
|---|---|
| | Општината |
| Крај на декември | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година |
| Јануари | Започнува нова буџетска година |

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски